**УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ**
Трета Македонска Бригада, бр. 60

# Б И Л Т Е Н

## НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ

**Бр. 6**
**Скопје, 28.04.2021 година**

**Издание на УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје**

Главен и одговорен уредник:
*Д-р Марина Андева*

Печати:
*УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје*

Тираж:
*20 Примероци*

**БИЛТЕН Бр. 06**

**СОДРЖИНА**

**Стр. 4**

**РЕФЕРАТ**
за избор на еден истражувач во сите научни звања од научна област економија и финансии на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје – Јадранка Мршиќ

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ОД НАУЧНА ОБЛАСТ НА ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПРЕПТРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Согласно Одлука бр.02-10/3 од 27.04.2021 годинана Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на истражувач по група предмети од научна област на економија и финансии на Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на истражувач објавен на 24.04.2021 се пријави кандидатот д-р Јадранка Мршиќ.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатот д-р Јадранка Мршиќ ги задоволува условите наведени во Конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Марјан Петрески, проф. д-р Марјан Бојаџиев и проф. д-р Томе Неновски го изготви следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. **Биографски податоци**

Д-р Јадранка Мршиќ е родена во 1954 година во Кочани. Во 1976 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот Кирил и Методија во Скопје. Во 2000 година се стекнува со академски степен магистер по економски науки од областа на монетарна економија на Економски факултет Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје, а во 2010 година одбрани докторска теза „Различните модели на пензиски реформи и нивното влијание врз развојот на пазарите на капитал во земјите од Централна и Источна Европа, со што стекна академски степен доктор по економски науки.

**а) Работно искуство**

Јадранка Мршиќ, своето стекнато практично знаење и континуираното дополнување на образованието и на теоретските познавања од областа на економијата и финансиите, го имплементираше во извршувањето на наставна активност на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и истражувачка во рамки на Институтот за претприемништво и лидерски развој. Таа изведува настава и врши истражување во областа на финансиски пазари и институции, сметководство и ревизија, претприемништво.
Јадранка Мршиќ била вклучена во неколку работни тела од организациски, академски и научен карактер на ФДЕИОН и на УАЦС. Учествувача во комисијата за самоевалуација на Универзитетот во 2012 година, работната група за изготвување извештаи за АЦБСП акредитацијата во 2012 година, член и претседател на Комисија за утврдување на деловни (СРС) компоненти во 2013 и 2014 година. Таа е вклучена и во реализација на редовни активности на ФДЕИОН: неколку пати била домаќин на визитинг професори и учествува во peer to peer активности со своите колеги. Активно е вклучена во организација на студентски активности: од стари кеси до нови производи, подготовка и учество на студенти за FUTURA MOOT COURT 2012 и 2013, регионален натпревар

MOOT COURT 2013, ораторски натпревар и студентска дебата организирана од ЕДРМ во 2012, 2013 и 2014.
Во меѓународна соработка учествувала во повеќе активности на Resita мрежата за развој на претприемништво, во активности за развој на програма за соработка, во обука за пишување практични примери од пракса, развој на научно истражувачка работа. Мршиќ држела две обуки за UACS Enterprise: за внатрешна ревизија и за развивање меки вештини за сметководители. Таа е избрана од Комисијата за хартии од вредност на РМ за едукатор за обуки за инвестициски советници и брокери.

Претходно работно искуство:

Д-р Јадранка Мршиќ ја започнува и ја гради својата професионална кариера во Комерцијална банка АД Скопје каде извршувала одговорни работи во областа на кредитирање на стопанство, хартии од вредност, документарни работи со странство и управување со средства и ликвидност. Во текот на работењето, таа е активно вклучена во поставување и развивање на бројни новини во банкарскиот сектор, финансиските пазари и институции. Во улога на раководител на тимови во рамки на Комерцијална банка, развива проекти за воведување нови банкарски функции и институции: основање и организирање на девизен пазар, основање брокерска куќа, поставување на платен промет во земјата, основање друштво за управување со пензиски фондови.

Таа е директен учесник во пионерски активности за развој на македонскиот финансиски систем. Учесник е во подготовките за основање на Македонската берза за хартии од вредност, на функцијата директор на Сектор за тргување со хартии од вредност. Таа остварила голем придонес во развојот на македонскиот пазар на капитал и во управувањето на Берзата, како преседател на Одборот на директори на Берзата во два мандати.

Јадранка Мршиќ активно учествувала во реформирањето на македонскиот пензиски систем. Од 2005 до 2009 година, како генерален директор и член на Управниот одбор на КБ Прво пензиско друштво вклучена е во основањето на приватните пензиски фондови и во развојот на првите институционални инвеститори на македонскиот пазар на капитал.

**б) Други активности:**

Д-р Јадранка Мршиќ била активно вклучена во акивностите за основање финансиски институции за заокружување на институционалната инфраструктура на македонскиот финансиски пазар: Пазар на пари, Централен депозитар на хартии од вредност, Клириншката куќа, банка чувар на имот во рамки на Народната банка на РМ, како и во нивното управување и развој. Во тек на два мандати била претседател на Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје, и на Одборот на директори на КБ Брокер АД Скопје. Во тек на три мандати извршува функција престедател на Собрание на акционери на КЈУБИ Македонија АД Скопје и на Пазарот на пари АД Скопје, во Управниот одбор на Пазарот на пари АД Скопје и во Надзорниот одбор на Клириншката куќа АД Скопје.

Активностите од праксата ги надополнува со континуирано доградување на знаењето, особено во областа на финансиските пазари. Се стекнала со сертификат за работа со хартии од вредност издаден од Комисијата за хартии од вредност на РМ и со сертфиката за меѓународни пазари на акции и обврзници од Security Institute – London, како и со сеетификат за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување од Агенцијата за супервизија на пензиското осигурување на РМ. Учесник е и на други семинари за хартии од вредност и берзи во РМ и во САД и на семинари за девизно работење. Таа учествувала на тренинг за менаџери од Централна и Источна Европа во Lancashire Business School – Preston, UK и на програма на Министерството за економија на Р. Словенија за обука на стручњаци од Хрватска, Босна и Македонија.

Таа е вклучена во практични обуки на кадри за работа со хартии од вредност на неколку обуки организирани од Комисијата за хартии од вредност на РМ, како и на последната од 2015 година. Член е на редакцискиот одбор на XIV, XV I XVI меѓународни симпозиуми на Сојузот на сметководители на РМ и вклучена во активности на Сојузот за развој на сметководствената професија во Македонија. Таа е член на Одборот за ревизија на Стопанска банка АД Скопје од 2016-2020 година.

Таа е автор на глава за регулативата на македонскиот пазар на капитал во International Securities Regulation, издание на Thomson Reuters, едно од најпрестижните изданија во светот од областа на правото, во кое за прв пат беше вклучен македонскиот пазар на капитал. Автор е на „Водичот за вашите права на пензија“, изготвен во рамки на ILO активностите за пристојна работа, а наменет за обука на синдикатите и организацијата на работодавачи. Врши истражување на македонскиот пензиски систем за студија на ILO (2017) и на одговорите за одржување на социјална сигурност во време на Ковид-19 пандемијата (2021). Таа е член на Советодавниот уреднички одбор за случаи од пракса на Emerald Emerging Markets Case Studies од 2019 година. Таа е ангажирана како рецензент на часописот Economic Research.

2. **Професионално истражување и публикации:**

Мршиќ има богато портфолио на научно истражувачка работа и издадени трудови во меѓународни списанија и презентирани трудови на меѓународни конференции во областа на пазарите на капитал, пензиските фондови, сметководство и претприемништво.

Stevcevska Srbinoska D., Stojanova M., Hristova S. and Mrsik J. (2020.) The impact of organizational characteristics on the adoption of contemporary cost management techniques by the textile industry in North Macedonia. Journal of Accounting and Management Information Systems 19(1)

Mrsik J, Vasilev G. (2018). Evaluation of Macedonian banks` credit policies before and after the 2008 crisis: A comparative study. Ekonomika. Vol. 64, january-march 2018, № 1. P. 111-124

Xhaferi S., Mrsik J, (2018). Corporate Strategy and Foreign Direct Investments. International Journal of Scientific and Research Publications, Volume 8, Issue 1, January 2018 pp 335- 340 ISSN 2250-3153

Mrsik J. (2017). Towards an adequate and sustainable pension system: Study on the assessment of the Macedonian pension system. ILO DWT/CO Budapest

Kostovski N., Mrsik J. Krliu V. (2017). Potentials of Republic of Macedonia to offer outsourced services. Journal of sustainable Development Vol 7, Issue 18 (2017), 39-52

Mrsik J. Nenovski T. Dimov A. (2017). The three line of defence model for effective risk management in local government. Economic, Journal of the Institute of Economics – Skopje Year. 19 No. 3/ 2017 (153-170)

Vasilev G. Mrsik J. (2017). Changes in the banks` performances after the crisis: A Comparative study. Economic Development. Journal of the Institute of Economics – Skopje Year. 19 No. 3/ 2017. (171-184)

Kostovski N., Mrsik J. Handziski Krliu V. (2017). Accounting for socially responsible and environmentally friendly operations, Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 4/2017, 66 – 74

Vasilev G., Mrsik J. (2017). The impact of the crisis on the lending decisions: Evidence from the banks in Macedonia. Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 4/2017,292-305

Ana Tomovska Misoska, Makedonka Dimitrova & Jadranka Mrsik. (2016), Drivers of entrepreneurial intentions among business students in Macedonia. Economic Research-Ekonomska Istraživanja, 29:1, 1062-1074, DOI: 10.1080/1331677X.2016.1211956

Jadranka Mrshikj, Jaka Vadnjal. (2016). Strategies for growth of a family business operating in the Macedonian wine industry. VOL. 6 NO. 3 2016, pp. 1-26, © Emerald Group Publishing Limited, ISSN 2045-0621 EMERALD EMERGING MARKETS CASE STUDIES PAGE

Mrsik J., Kostovski N. (2016). Offshoring Accounting Services: New opportunities for developing countries. Accounting and Management Information Systems Vol. 16, No. 1 pp. 132-146

Mrsik J., Kostovski N. (2015). Environmental and social responsibility reporting. Do Macedonian companies disclose that information and how? Timisoara Journal of Economics and Business | ISSN-L 2286-0991.Vol 8, No 2, pp.220-231

Mrsik J., Vukovic Trpkov D. (2015). The Custodian Banks and the Evolution of the Emerging Capital Markets: The Case of Macedonia. Economic Developmet. Journal of the Institute of Economics. Year.17 No. 3/2015. ISSN 1857-7741 (on line). pp 321-334

Mrsik J., Kostovski N. (2015). The advantage and the weaknesses on the accounting as a regulated profession: Comparative study. Proceedings from the XVII

Symposium on the accountants of the Republic of Macedonia. ISBN 978-9989-747-32-8, pp. 1-11.

Kostovski N., Mrsik J. (2015). "Green Accounting" - Link between Economy and Environmental Protection. University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, Management Department. Book of proceedings of 11th International May Conference on Strategic Management, pp.560-567. ISBN: 978-86-6305-030-3

Mrsik J., Delova Jolevska E. (2013). Institutional Investors and their Impact on the Local Stock Markets in Small Developing Economies. Horizons International Scientific magazine (Special edition) year 10 Vol.13, pp. 197-213. ISSN 1857-856X May 2015

Mrsik J. (2014). Macedonian Securities Regulation, Chapter in International Securities Regulation, Thomson Reuters 5, 2014. ISBN: 9780379208252

Mrsik J., Kostovski N. (2014). Does the adoption of International Financial Reporting Standards provide commensurate benefits to prospective European Union countries? 9th UACS Conference, pp. 317-332. ISBN 978-608-4607-31-1 978-608-4607-31-1

Mrsik J., Andonov M., Cavdar K. (2014). Regulation of Licensed Industries in small Economies: Limiting the Number of Participants or Encouraging Competition for Better Service Quality". 9th UACS Conference, pp. 343-354. ISBN 978-608-4607-31-1

Kostovski N, Mrsik J. (2014). Accounting Education for Enabling Offshore Accounting Services in Developing Countries. Zbornik na trudovi, Sojuz na smetkovoditeli na RM, Struga, 2014 p. 22-31. ISBN 978-9989-747-33-5

Delova Jolevska E., Mrsik J., Jankoski B. (2013). Assessing the Challenges to the Single European Banking Supervision**.** UACS Eight annual international conference of European integration, Skopje. pp. 261-274. ISBN 978-608-4607-28-1

Lazarevski D., Mrsik J. (2013). The small stock exchanges in South-East European Countries: The future after the crisis UACS Eight annual international conference of European integration, Skopje. pp. 295-318. ISBN 978-608-4607-14-4

Kostovski N., Mrsik J. (2013). Важноста на претприемачките карактеристики на сметководителот за развој на сметководствените услуги како одржлив бизнис. Зборник на трудови, стр. 43-52. Сојуз на сметководители на РМ, ISBN 978-9989-747-32-8

Lazarevski D., Mrsik J., Smokvarski E. (2013). Private Equity Investing in Small and Medium Enterprises in Central and Eastern Europe with Special Review of Macedonia. ANNALS OF" EFTIMIE MURGU". UNIVERSITY REȘIȚA, FASCICLE II – ECONOMIC STUDIES. ISSN 1584-0972

Lazarevski D., Mrsik J . (2013). Macedonian Stock Exchange Apathy: Analysis of Macedonian Companies' Cost of Capital and Optimal Capital Structure. ANNALS OF" EFTIMIE MURGU". UNIVERSITY REȘIȚA, FASCICLE II – ECONOMIC STUDIES.ISSN 1584-097

Mrsik J. (2013). Регулација на лиценцирани професии: Дали силната регулатива е секогаш во интерес на клиентите? Правник, ноември.

Kostovski N., Mrsik J., Jankulovska V. (2012). Состојби и ефекти од воведувањето на меѓународни сметководствени стандарди, истражување за состојбите во Република Македонија. Зборник на трудови, Сојуз на сметководители на РМ, str. 39-60. ISBN 978-9989-747-31-1

Mrsik J., Lazarevski E., Smokvarski E. (2012). Evolution of the venture capital financing for growing small and medium enterprises in Central and Eastern Europe countries: the case of Macedonia. University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, Management Department. Book of proceedings of 8th International May Conference on Strategic Management. pp. 879-890. ISBN: 978-86-80987-96-5

Mrsik J. (2011). Водич за вашите права за пензија, International Labor Organization; ILO Decent Work Technical Support Team and Country Office for Central and Eastern Europe, Budapest: ILO. ISBN: 9789228257984 (print); 9789228257991 (web pdf)

## ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за образовната и научната активност на д-р Јадранка Мршиќ, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој.

Научно-истражувачката работа на д-р Мршиќ е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за систематски пристап кон непосредната поширока област и проблематика што се однесува на истражување од областа за кои таа конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на д-р Мршиќ, Комисијата оценува дека д-р Јадранка Мршиќ ги исполнува предвидените законски и други услови и му предлага на Советот д-р Јадранка Мршиќ да биде избрана во научно звање научен советник од научната област економија и финансии.

**Скопје, 28.04.2021**

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Марјан Петрески, с.р.

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.

Проф. д-р Томе Неновски, с.р.